# ОДЛУКИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИ СТОКИ ДОНЕСЕНИ ОД КОМИТЕТОТ НА ХАРМОНИЗИРАН СИСТЕМ

Табелата подолу ги содржи одлуките за распоредување на специфични стоки донесени од страна на Комитетот на Хармонизиран систем на 68та сесија во 2021 година, со нивните соодветни ХС шифрирани ознаки, опис на стоката и образложение за правниот основ.

## ХС КОМИТЕТ 68 СЕСИЈА

| Реден број | Опис на стоката | Распоредување | Образложување |
|---|---|---|---|
| 1. | **Намаз од манго и ананас** - добиен со готвење под вакуум, на температура од приближно 70°C, со содржина на шеќер поголема од 30% но помала од 70%, спакуван во стаклени тегли.<br><br>Составен е од манго, ананас, течни овошни шеќери, концентриран сок од лимон и овошен пектин. | 2007 99 | Основни правила 1 (Забелешка 5 кон Глава 20) и 6 |
| 2. | **Снежинки од соја**, обезмастени, нетостирани и нетекстурирани, спакувани во полипропиленски кеси со нето маса од 25 кг и 50 кг или во џамбо кеси со нето тежина од 650 kg. | 2304 00 | Основни правила 1 |
| 3. | **Орални никотински торбички** за еднократна употреба (со содржина на тутун), кои содржат тутун, никотин со висока чистота добиен од листови на тутун, вода и други висококвалитетни хранливи состојки, вклучувајќи влакна од еукалиптус и бор, ароми и засладувачи. Кафеавиот тутун се чисти со процес на чистење на база на вода. | 2403 99 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | **Назален бурмут**, составен од мелени листови од тутун и разни други природни вкусови како што се ментол, цитрус и еукалиптус. Тој се вдишува преку носната шуплина на корисникот за да се достават никотинот и ароматизираниот мирис. | 2403 99 | Основни правила 1 и 6 |
| 5. | **Инхалатор со патрон со 10 mg никотин** (испорачани 4 mg). Инхалаторот е уред што се издава само на рецепт и се употребува со цел откажување од пушење.<br><br>Тие не користат топлина во нивниот системи на испорака. Корисникот вдишува преку пластичната писка на крајот од инхалаторот за да го активира и да влече од патронот што содржи порозни приклучоци заситени со никотин.<br><br>Никотинот се ослободува и се апсорбира преку мембраните на корисникот во устата и грлото. Помалку од 5% од вдишаниот никотин стигнува до белите дробови на корисникот.<br><br>Секој патрон трае околу 20 минути и испорачува приближно исто количество никотин колку и една цигара. | 2404 12 | Основни правила 1 и 6 |
| 6. | **Никотински пакувања** - се концентрирани никотински додатоци направени од слободна никотинска база. Наменети се да се додадат во шише со е-сок за да се постигне саканата јачина на никотин со следење на препорачаната доза на пакувањето. Овој производ не претставува е-сок и не треба да се користи за испарување самостојно.<br><br>Достапен е во различни нивоа на концентрација на никотин, со содржина на никотин помешан со растителен глицерин, пропилен гликол или никотински соли. | 2404 12 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Овој производ е наменет за претворање на безникотинска е-течност во никотинска е-течност со посакуваната јачина (концентрација на никотин).<br><br>Производот е произведен за да помогне во намалувањето на залихите дозволувајќи им на трговците на мало да чуваат само безникотински е-течности на кои може да им се додадат одредени количини од никотинскиот концентрат. | | |
| 7. | **Дифузери за етерични масла** (без никотин и тутун) во форма на производ за „испарување“ за еднократна употреба.<br><br>Овој производ е претходно наполнет електронски уред за еднократна употреба, кој работи без согорување, но создава пареа што треба да се вдише преку устата или носот на корисникот. Производот е претходно наполнет со раствор - мешаница од есенцијални масла (20%) и растителен глицерин на база на соја (80%).<br><br>Растворите доаѓаат со различни вкусови и се продаваат поради нивните „терапевтски“ придобивки да предизвикаат состојби на спокојство, будност, смиреност итн.<br><br>Етеричните масла, всушност, не се масла, липиди или масти. Наместо тоа, тие се есенции добиени од растенија. Тие обично се нарекуваат есенцијални масла бидејќи имаат својства слични на маслата, по тоа што се нерастворливи (не се раствораат во вода).<br>Етеричните масла се јаглеводороди и можат да содржат дури 300 различни соединенија во зависност од потеклото. Хемиски, есенцијалните масла може да се распоредат како алкохоли, етери, естри, алдехиди, кетони, амини, амиди, феноли и воглавно терпени. | 2404 19 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | **Орални никотински ќесички за еднократна употреба** (без тутун), кои содржат никотин со фармацевтски квалитет, вода и други висококвалитетни хранливи состојки, вклучувајќи влакна од еукалиптус и бор, ароми и засладувачи. | 2404 91 | Основни правила 1 и 6 |
| 9. | **Производ за коса и кожа за деца**, кој содржи вода, натриум лаурет сулфат, кокамидопропил бетаин, кокамид ДЕА, лаурет-6, динатриум лаурет сулфосуцинат, натриум хлорид, парфем, DMDM-хидантоин, метилхлороизотиазолинон, поликватерниум-10, лимонскакиселина, бутилен гликол, Chamomilla Recutita (камилица), екстракт од Equisetim Arvence, екстракт од лист на Salvia Officinalis (жалфија), екстракт од лист на Rosmarinus Officinalis (рузмарин), екстракт од Urtica Dioica (коприва), екстракт од лист на Melissa Officinalis (маточина), екстракт од Humulus Lupulus (хмељ).<br>Производот е спакуван за продажба на мало во шише од 500 ml.<br>Според производителот, производот е наменет за миење на кожа и коса на бебиња. | 3305 10 | Основни правила 1 (Забелешка 1(в) кон Глава 34) и 6 |
| 10. | **Производ за коса и кожа**, спакуван во шишиња од 250 ml, кој содржи вода, амониум лаурил сулфат, глицерин, кокамидопропил бетаин, екстракт од кора од Cedrus Libani, магнезиум сулфат, цинк глуконат, хидроксипропил гуар хидроксипропилтримониум хлорид, бутилен гликол, Polyquatemium-7, натриум хлорид, лимонска киселина, натриум бензоат, алкохол, бензотриазолил додецил п-крезол, трис (тетраметилхидроксипиперидинол) цитрат, парфем, кокамид ДЕА, лаурет-6, динатриум лаурет сулфосукцинат, натриум хлорид, парфем, линалол, кумарин, алфа изометил лонон, хидроксицитронелал, бутилфенил метилпропионал. | 3305 10 | Основни правила 1 (Забелешка 1(в) кон Глава 34) и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Производот е наменет за миење на коса и кожа. | | |
| 11. | **Шампон, гел и пена за бањање**, спакуван во шише од 300 ml што содржи вода, натриум лаурет сулфат, динатриум кокоамфодиацетат, кокамидопропил бетаин, натриум хлорид, коко глукозид, пропилен гликол, глицерин, екстракт од Citrus Sinensis, екстракт од Citrus Defcumana, екстракт од Prunus persila, екстракт од Vitis Vinifera, екстракт од Prunus Dbmestica, Polyquaternium-7, 2-Na EDTA, лимонска киселина, метилхлороизотиазолинон, метилизотиазолин, парфем. Цитронелол.<br><br>Производот е наменет за употреба како шампон, гел и пена за капење. | 3305 10 | Основни правила 1 (Забелешка 1(в) кон Глава 34) и 6 |
| 12. | **Деривати на изотиазолинон,** се антимикробно средство со широк спектар на делување, базирано на хемијата на изотиазолинон. Тој е ефикасен при многу ниски концентрации за контролирање на планктонскиот и површинскиот раст на бактериите, габите и алгите, и е произведен специјално за третман на водите и за употреба во фабрики за хартија.<br><br>Хемиската природа на биоцидот е од водениот раствор на органските и неорганските соединенија.<br><br>Хемискиот состав е даден подолу:<br>●5-хлоро-2-метил-4-изотиазолин3-он: 10,0 - 12,0 %<br>●2-метил-4-изотиазолин-3-он: 3,0 - 5,0 %<br>●магнезиум динитрат: 16,0 - 21,0 %<br>●магнезиум 10 .0 %<br>●Вода: 60,0 - 64,0 %.<br>Предизвикува непосредна инхибиција на растот кога ќе дојде во контакт со сите обраснати микроорганизми, на пр. | 3808 94 | Основни правила 1, 3(в) и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | габи, бактерии и алги. Брзо комуницира со протеините во клетката, предизвикувајќи инхибиција на дишењето и синтезата на АТП, што резултира со неможност да се синтетизираат биополимерите или да се катаболизира супстратот. Инхибицијата на растот брзо станува неповратна и резултира со клеточна смрт бидејќи есенцијалните протеини прогресивно се оксидираат. Дури и пред да дојде до клеточна смрт, организмите не се во можност да синтетизираат ниту биоразградувачки ензими ниту егзополимери кои ја олеснуваат микробната адхезија и формирањето на биофилм. | | |
| 13. | **Пластични закачалки за облека (стандардни)** – што се користат за закачување облека во домаќинствата, како и во комерцијалните средини, вклучувајќи и аголни закачалки кои вообичаено се користат за закачување на облека за горниот дел од телото (на пример, палта, џемпери, јакни, кошули, блузи итн.), триаголни закачалки кои може да се користат за облека за горниот дел од телото, и на кои може да се смести и облека задолен дел од телото (на пр. панталони, здолништа и друга слична облека) преку долната жица, триаголни закачалки што над долната жица имаат поставени штипки, направени за закачување на облеката за долните делови за телото, и оние само со поставена жица со шипки за специјализирани делови. | 3924 90 | Основни правила 1 и 6 |
| 14. | **Пластични закачалки за облека (специјализирани)**, кои се користат за малопродажба за закачување на предмети како што се чорапи, гаќи и градници и други предмети што вообичаено не се закачуваат во домаќинствата. | 3924 90 | Основни правила 1 и 6 |
| 15. | **Подлога со заоблени агли**, изработена од ПВЦ (поливинил хлорид) пена со затворена ќелија, наменета за поставување директно на подот за време на спортски активности. | 3926 90 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Има правоаголна форма со следните карактеристики: Должина: 185 cm, Ширина: 60 cm, Дебелина: 1,5 cm.<br><br>Производот е дизајниран за употреба во затворени простории како и на отворено за институционална и домашна употреба за време на тренинзи, како што се фитнес тренинзи, аеробик, гимнастика, пилатес и јога.<br><br>Лесна е за носење бидејќи може да се свитка во ролна. | | |
| 16. | **Столбови и колци**, претставуваат зашилени дрвени столбови во круг или полукруг, наменети за забивање во земја за различни намени како што се формирање на огради, потпора на билки, врзување на животни, обележување граници итн. | 4404 10 | Основни правила 1 и 6 |
| 17. | **Коцкасти столбови и колци**, претставуваат зашилени дрвени столбови кои се пилени по должина за да се добие груб квадрат или правоаголен хоризонтален профил.<br><br>Имаат должина од 1 до 2 метри со пресек на профилот од 22 x 22 mm до 25 x 25 mm. | 4421 99 | Основни правила 1 и 6 |
| 18. | **Торба за јорган**, со предната страна од транспарентен полиетиленски материјал (дебелина 0,10 mm), а сите други страни се направени од црна, неткаен материјал (тежина 65 gsm).<br>Има структура на торба со 5 панели со патент, рачка и неткаен црн спој, 75 gsm на рабовите. | 6305 39 | Основни правила 1 и 6 |
| 19. | **Стаклени капаци отпорни на топлина**, претставени одделно, но наменети за употреба заедно со кујнски садови. | 7010 20 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Изработени се од транспарентно стакло отпорно на топлина со рачки направени од пластика, нерѓосувачки челик или други материјали, може да имаат отвор за пареа и раб од нерѓосувачки челик.<br><br>Истиот капак може да се употребува и со тавчиња и тави за пржење, под услов дијаметрите на капаците да се совпаѓаат. | | |
| 20. | **Дигитално пенкало или паметно пенкало**, претставува пенкало кое може да пишува со мастило, а може да се употребува и со специјална хартија со означени точки, прикажувајќи го и сочувувајќи напишаниот текст или цртежи на дигитални уреди што поддржуваат Android и iOS (таблет, компјутер или паметен телефон).<br><br>Паметното пенкало има внатрешна меморија од 90 MB, дигитална микро камера, дигитален процесор и вградена батерија. Се полни преку вградениот Micro USB приклучок. Производот има вграден Bluetooth® 4.0 модул. Доаѓа со упатство за употреба, кабел со MICRO-US конектор, мини подлога за тестирање и дополнителен патрон.<br><br>Паметното пенкало има сензори за притискање и слика. Приклучокот за полнење се наоѓа во горниот дел, а патронот се вметнува од долната страна (горниот дел не може да се одврти). Во близина на патронот е вграден скенер за читање информации. Камерата се користи за фотографирање на координатите на матрицата на тетратката или бележникот во реално време, и доврешување на позиционирањето на патеката на пишување и пренос во апликацијата.<br><br>Дигиталниот процесор за слики на паметното пенкало овозможува зачувување на информациите за движењето на | 8471 60 | Основни правила 1, Забелешка 5(B) кон Глава 84 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | пенкалото како низа на координати на мапи кои ги подготвува за пренос на други уреди. Паметното пенкало се користи за дигитализирање на информациите запишани на специјализираната хартија, со што се овозможува паметното пенкало да претвори сѐ што е напишано во дигитален текст, претворајќи ги рачно напишаните белешки и рачно нацртаните цртежи и скици во дигитални датотеки што може да се уредуваат.<br><br>Паметното пенкало има вообичаен патрон за пенкала и функционира како обичен инструмент за пишување што му овозможува на корисникот да гледа што е напишано. Сепак, функцијата за меморирање функционира само со специјализирана хартија.<br><br>Производот е опремен со Dual-Core ARM9 процесор, така што снима повеќе од 120 FPS (фрејмови во секунда) и може да пресмета до 256 притискања.<br><br>Паметното пенкало не мора да биде поврзано со паметен уред за да се употребува. Сите запишани податоци ќе се чуваат во неговата внатрешна меморија, кои подоцна ќе се пренесат во апликацијата и ќе се испратат до некој паметен уред, кога со него ќе се поврзат. Паметното пенкало може да зачува до 1000 страни напишани со ракопис.<br><br>Паметното пенкало е дизајнирано да изгледа као нормално пенкало. Може да се користи за пишување и на нормална хартија, но без при тоа да се сочува текстот на дигитален уред. | | |
| 21. | **Проектор**, дизајниран да се употребува во осветлени простории како училници и конференциски сали. Тој има | 8528 62 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | можност за директно поврзување со машина за автоматска обработка на податоци (ADP) преку еден HDMI, еден мини D-Sub 15 пин, еден USB (тип А) или еден USB (тип Б) конектор. Има вградени звучници за да се слуша гласот на предавачот. Изворот на светлина е светилка, а методот на проекција е 3LCD. Проекторот е дизајниран за употреба со ADP машина и не вклучува избирач на канали или ТВ приемник.<br><br>Карактеристики:<br>• Резолуција : 1024 x 768<br>• Соодност: 4:3<br>• Осветленост: 3600 lm<br>• Метод на проекција: 3LCD<br>• Влезен сигнал: Аналоген RGB; Сигнал (1 HDMI); Дигитален RGB; Сигнал (1 mini D-Sub15 пин) и<br>• Контролен терминал: 1 USB (тип А) и 1 USB (тип Б). | | |
| 22. | **Проектор**, дизајниран да се употребува во осветлени простории како училници и конференциски сали. Тој има можност за директно поврзување со машина за автоматска обработка на податоци (ADP) преку два HDMI, еден USB (тип А) еден мини D-Sub 15 пински или еден D-Sub 9 пински конектор. Изворот на светлина е ласер, а методот на проекција е 1DLP (Digital Light Processing). Проекторот поддржува жичен и безжичен LAN и има вградени звучници за да може да се слушне гласот на предавачот. Дизајниран е за употреба со ADP машина и не вклучува избирач на канали или ТВ приемник.<br><br>Карактеристики:<br>• Резолуција : 1280 x 800,<br>• Соодност: 16:10, | 8528 62 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Осветленост : 5000 lm,<br>• Метод на проекција : 1DLP,<br>• Влез на сигнал: Аналоген RGB сигнал (2 HDMI); Дигитален RGB сигнал (1 mini D-Sub15 пин), и<br>• Контролен терминал: 1 USB (Тип А); 1 пин D-Sub9. | | |
| 23. | **Проектор**, дизајниран да се употребува во сали за состаноци и училници. Тој има можност за директно поврзување со машина за автоматска обработка на податоци (ADP) преку еден HDMI, еден USB (тип А) еден мини D-Sub 15 пински конектор. Има вграден звучник за да се слуша гласот на предавачот. Изворот на светлина е лампа, а методот на проекција е DLP (дигитална обработка на светлина).<br><br>Карактеристики:<br>• Резолуција: WXGA 1280 x 800,<br>• Соодност: 16:10,<br>• Осветленост: 3700 лумени,<br>• Начин на проекција: DLP,<br>• Поврзување:<br>✓ Влезови: 1 x HDMI 1.4PYr, VP, 1.4a, /RGB), 1 x композитно видео, 1 x аудио 3,5 mm "<br>✓ Излези: 1 x VGA, 1 x аудио 3,5 mm и 1 x USBA моќност 1A.<br>✓ Контрола: 1 x RS232 | 8528 62 | Основни правила 1 и 6 |
| 24. | **Проектор**, дизајниран да се употребува во секое време од денот и за повеќе намени, вклучувајќи и професионална употреба - од простории за деловни состаноци до училници. Тој може директно да се поврзе со машина за автоматска обработка на податоци (ADP) преку два HDMI конектори, еден USB (тип А) конектор, еден VGA конектор. Има вграден звучник за да се слуша гласот на предавачот. Изворот на светлина е лампа, а методот на проекција е DLP (Digital Light | 8528 62 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Processing)<br><br>Карактеристики:<br>• Резолуција: WXGA (1280 x 800),<br>• Сооднос: 16:10,<br>• Осветленост: 4000 лумени,<br>• Метод на проекција: DLP,<br>• Поврзување:<br>✓ Влезен сигнал: HDMI 1.4a Поддршка, VP13D /RGB), 1 композитно видео, 1 аудио 3,5 mm, 1 x HDMI 1.4a 3D поддршка + MHL<br>✓ Излез: 1 VGA (YPbPr/RGB), 1 аудио 3,5 mm и 1 USB-A напојување 1A.<br>✓ Контрола: 1 x RS232 | | |
| 25. | **Проектор**, дизајниран да се употребува во мали сали за состаноци и училници.<br><br>Тој може директно да се поврзе со машина за автоматска обработка на податоци (ADP) преку еден HDMI, USB (тип A) конектор или еден VGA конектор. Има вграден звучник за да се слуша гласот на предавачот. Изворот на светлина е лампа, а методот на проекција е DLP (Digital Light Processing).<br><br>Карактеристики:<br>• Резолуција: WXGA (1280 x 800),<br>• Сооднос: 16:10,<br>• Осветленост: 3700 лумени,<br>• Метод на проекција: DLP,<br>• Поврзување:<br>✓ Влезови: 1 x HDMI 1.4a поддршка, V1 xD (YPbPr/RGB), 1 композитно видео, 1 аудио 3,5 мм.<br>✓ Излези: 1 x VGA (YPbPr/RGB), 1 x аудио 3,5 mm, 1 x | 8528 62 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | USB-A моќност 1A<br>✓ Контрола: 1 x RS232 | | |
| 26. | **Проектор,** дизајниран да се користи во сали за состаноци и училници.<br><br>Тој може директно да се поврзе со машина за автоматска обработка на податоци (ADP) преку еден HDMI, USB (тип A) конектор или еден VGA конектор. Има вграден звучник за да се слуша гласот на предавачот. Изворот на светлина е лампа, а методот на проекција е DLP (Digital Light Processing).<br><br>Карактеристики:<br>• Резолуција: 1080p Full HD (1920x1080).<br>• Соодност: 16:9,<br>• Осветленост: 3600 лумени,<br>• Метод на проекција: DLP<br>• Поврзување:<br>✓ Влезови: 1 x HDMI 1.4a 3D поддршка, 1 x VGA (YPbPr/RGB), 1 x Композитно видео, 1 x Аудио 3,5 мм.<br>✓ Излези: 1 x Аудио 3,5mm, 1 x USB-A моќност 1,5A.<br>✓ Контрола: 1 x RS232. | 8528 62 | Основни правила 1 и 6 |
| 27. | **TFT-LCD модул**, кој се состои од следните компоненти составени заедно во една рамка: TFT-LCD панел (што е склоп на TFT подлога, течен кристал и подлога за филтер во боја), управувачко интегрално коло (IC) за пренос на обработените сигнали до секој пиксел на екранот, изворна печатена плоча (PCB) и единица за заднинско осветлување (BLU) како извор на светлина за прикажување, итн.<br><br>Останатите технички информации вклучуваат: | 8529 90 | Основни правила 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Големина на екранот: 27,0 инчи<br>• Осветленост: 300 nit<br>• Време на одговор: 14 ms<br>• Резолуција: FHD<br>• Број на пиксели: 1.980 × 1.080. | | |